ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Заврши изградбата на новиот градски пазар
- 120.000 денари помош од Општина Делчево за настраданите жители од земјотресот во Турција и Сирија
- Делчево во чест на Гоце. Одбележана годишнина од раѓањето на великанот Гоце Делчев
- Буџетот за 2022 реализиран со 90%


ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 33 ФЕВРУАРИ 2023


## Заврши изградбата на новиот градски пазар



### 120.000 денари помош од Општина Делчево за настраданите жители од земјотресот во Турција и Сирија



### Буџетот за 2022 реализиран со 90%



### Делчево во чест на Гоце. Одбележана годишнина од раѓањето на великанот Гоце Делчев




Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Вонредна седница на Советот на Општина Делчево



На иницијатива на градоначалникот Горан Трајковски, Советот на Општина Делчево одржа Вонредна седница на која беше донесена Одлука за доделување парична помош од Буџетот на Општина Делчево за настраданото население од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија.

Советниците едногласно ја поддржаа Одлуката со која од Буџетот на Општината ќе се издвојат 120.000 денари кои ќе се распределат по 60.000 денари на двете земји. Средствата ќе се уплатат на солидарниот фонд на Црвениот крст на РСМ.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

Совет на Општина Делчево

# Одржана 19 Седница на Советот на Општина Делчево- Буџетот за 2022 реализиран со 90%

Совет на Општина Делчево



Извршувањето на приходите во Буџетот на Општина Делчево за четвртиот квартал, односно за цела 2022 година, изнесува 90,98%, што значи дека од вкупно планираните приходи во износ од 305.909.623 ден. за четвртиот квартал се реализирани 278.329.343 денари.

Во Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за извештајниот период од 01.01.2022 до 31.12.2022 кој беше усвоен на 19 Седница на Советот на Општина Делчево, е нотирано дека во Основниот буџет, од планирани 100.563.000 се реализирани 85.734.445 ден. или 85,25%; во Буџетот на дотации од планирани приходи се 182.945.807 денари се реализирани 175.351.023 или 95,72%; во Буџетот на донации од планирани 7.402.578 денари се реализирани 5.367.138 денари или 72,50%. и во Буџетот на самофинансирачки активности од планирани 10.448.238 ден. се реализирани 7.359.379 денари или 70,44%. Даночните приходи се наплатени во износ од 34.820.565 ден. од вкупно планирани 42.488.000 ден. или 81,95%, наплатата од даноци на имот е во износ од 16.941.907, од даноци од специфични услуги во износ од 14.826.2825 ден. Неданочните приходи се планирани во износ 2.200.000 ден. и тоа се приходи од административни такси и надоместоци, а се реализирани во износ од 2.144.760 денари (97,49%). Капиталните приходи се наплатени во износ од 5.337.136 ден. од вкупно планирани 6.877.000 ден.или 77.61 %, а тоа се приходите од надомест за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект-легализација и продажба на земјиште, закуп на земјоделско земјиште, експлоатација на минерални суровини.

На 19 Седница на Советот на Општина Делчево, советниците ја усвоија Програмата за социјална заштита за 2023 г. Целта на Програмата е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на граѓаните вклучително на потребите и на жените и на мажите во Општина Делчево.

На Седницата беше усвоена и Програмата за родова рамноправност на мажите и жените на Општина Делчево и работа на Комисијата за еднакви можности за 2023 година според која се определени 5 приоритетни области на делување: Човекови права и родова еднаквост во рамки на под-областите: политика, родово базирано насилство и економија; Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики; Едукација и јакнење на капацитетите за родовата еднаквост и родова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население; Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза; Подигање на свеста кај жените и мажите за контролирање на здравјето.

Советниците ја донесоа и Одлуката за отпочнување активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Делчево од сите ризици и опасности. Овој документ го помага процесот на планирање и организација на системот за управување со кризи, донесувањето одлуки на надлежните институции, да ја поддржува комуникацијата, координацијата, соработката помеѓу институциите на локално ниво и употребата на ресурсите заради превенција, рано предупредување и справување со сите ризици и опасности кои можат да го загрозат животот и здравјето на луѓето, материјалните и природните богатства, како и општата безбедност на општината.

Советниците дадоа и позитивно мислење за изведување екскурзии на учениците во ООУ „Ванчо Прке“ и ООУ „Св.Климент Охридски“, како и повеќе документи од областа на урбаниситчкото планирање, донесоа и Одлука за давање на времено користење движна ствар-моторно возило на Јавното комунално претпријатие „Брегалница“-Делчево.

Актуелности

# Заврши изградбата на новиот градски пазар



Заврши изградбата на новиот градски пазар во Делчево со што Делчево за прв пат добива современ градски пазар, каде ќе бидат испочитувани сите критериуми за соодветно чување и продавање храна и најразновидна стока.

Новиот градски пазар располага со 18 дуќани, 2 простории за администратор, 192 продажни пунктови, како и 4 санитарни јазли. Вкупната површина на објектот изнесува 2.408 м2 од кои 337,32м2 припаѓаат на затворениот дел со сопствени санитарии и влезови, а останатите 2070,9м2 се отворена површина, каде се сместени тезгите за продажба.

Наредниот период со одлука на Советот на Општина Делчево, новиот градски пазар ќе се предаде на стопанистување на ЈКП „Брегалница“ кое ќе има обврска да се грижи за објакетот, но и да спроведе транспарентна постапка за изнајмување на тезгите и дуќаните во рамките на објектот-градски пазар.

Вкупната вредност на новиот градски пазар е 45 милиони денари. Од нив 50% се средства инвестирани од Општина Делчево, а останатите се од Владата на РСМ преку Агенција за финансиска поддршка на руралниот развој и преку Центарот за развој на Источно-планскиот регион.

Со цел обезбедување инфраструктура во централно градско подрачје за непречена комуникација на сообраќај и пешаци кај новиот градски пазар, за оваа година, Општина Делчево во Развојната програма има планирано инвестиција во износ од 7,1 милион денари за изградба на улици во градскиот пазар, улица 6.1 и тротоари на улица 4.



Актуелности

# Започна рехабилитацијата на земјоделскиот пат во Долни Бавчи




Земјоделците кои имаат земјоделски површини и објекти во месноста Долни Бавчи во Делчево, за прв пат добиваат соодветна патна инфраструктура. Деновиве започна рехабилитацијата на земјоделскиот пат кој води од мостот на ул. „Индустриска“ покрај реката Брегалница во месноста Долни Бавчи. Со проектот е предвидена рехабилитација во должина од 1.000 м и проширување на патот на 4.5 м.

Увид во почетните работи направи градоначалникот Трајковски кој истакна дека со реализацијата на овој проект ќе се реши проблемот со пристапот до земјоделските површини и индивидуалните земјоделски стопанства во месноста Долни Бавчи во Делчево со што се решава уште еден проблем на земјоделците и се одговара на нивните долгогодишни барања.

– Рехабилитацијата на овој земјоделски пат, значи, полесен пристап до земјоделските површини или до нивните индивидуални земјоделски стопанства. Сведоци бевме дека при поројни дождови беше оневозможено движењето со возила и со земјоделска механизација до земјоделското земјиште на овој терен. Како Општина го слушаме гласот и потребите на граѓаните и со еден сериозен пристап, бараме трајно решавање на проблемите, истакна Трајковски.

Рехабилитацијата на земјоделскиот пат во Долни Бавчи се реализира преку Центарот за развој на ИПР во рамките на проектот „Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во ИПР“ на МЗШВ, а вредноста на Договорот за изградба на овој земјоделски пат е 1.170.855 ден. Изведувач на работите е СД-ТРАНС.

Освен земјоделскиот пат во Долни Бавчи, за оваа година е планирана и рехабилитација на земјоделскиот пат во месноста Средни Бавчи. Со поддршка на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој ќе се рехабилитираат 800 метри од патот, а планирано е негово проширување на 4,5м. Финансиската поддршка од Агенцијата е во износ од околу 999.968. денари.

Инаку, минатата година беше завршена рехабилитацијата на земјоделскиот пат с. Вирче-с. Град во должина од 1.320 метри.







Актуелности

# Јавните институции се ослободија од застарениот електронски отпад



Јавните институции во градот, вклучително и од Општина Делчево се ослободија од застарениот и неисправен електронски отпад. За прв пат по повеќе од десетина години, а со цел за спроведување на концептот „Нула отпад“, зачувување на чистата животна средина, создавање што помала количина на овој вид отпад, а и согласно со законските одредби, од ООУ „Св.Климент Охридски“, СОУ „М.М.Брицо“, ЈЛБ „Илинден“ и од ЕЛС Делчево, е подигнат стариот и неупотреблив електронски и електричен отпад од страна на колективен постапувач, фирмата „Нула отпад“ ДОО Скопје.
Фирмата „Нула отпад“ ДОО Скопје е правно лице кое е регистрирано како колективен постапувач со опасен отпад во Министерството за животна средина и просторно планирање, а со кое Општина Делчево има потпишано Договор за соработка.
Електронскиот отпад се смета за исклучително опасен, бидејќи овој вид отпад по својот состав има концентрации на опасни супстанции кои може да предизвикаат опасност по животната средина, животот и здравјето на луѓето и имаат повеќе опасни својства, како што се: експлозивност, реактивност (оксиданси), запаливост, надразливост, токсичност, инфективност, канцерогеност, мутагеност, токсичност за репродукција, екотоксичност и својства на испуштање отровни гасови при контакт со вода, воздух или киселина.







# Делчево во чест на Гоце
# Одбележана годишнина од раѓањето на великанот Гоце Делчев

Актуелности




Во достоинствена атмосфера, Делчево се поклони пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на градот оддавајќи почит кон ликот и делото на апостолот на македонската револуционерна борба, идеолог, организатор и водач на македонското револуционерно националноослободително движење кон крајот на XIX и почетокот на XX век и патрон на градот Делчево.
По тој повод, за животот и делото на Гоце Делчев, реферат подготвија членови на КУД „Гоце Делчев“, а пред споменикот на Делчев се поклонија и свежо цвеќе положија: делегација од Општина Делчево предводена од градоначалникот Горан Трајковски, како и претставници од Советот на Општина Делчево, претставници од институциите, политички партии, здруженија на граѓани.
Градоначалникот Трајковски цитирајќи мисла од Делчев истакна дека Делчев е лик кој ги обединува прогресивните сили и мотивира за исполнување на вечната желба на Македонецот за слободна, самостојна држава призната од сите и во рамките на европското семејство.
– „Јас не сакам востание со луѓе кои ќе ме напуштат при првиот неуспех, јас сакам революција со граѓани кадарни, да ги понесат сите искушенија, на една долготрајна борба, каква поради жестоките политички услови, ќе биде и нашата“-ова е порака на Делчев која и денес во 21 век е актуелна за Македонија и е мотивирачка за нас, неговите следбеници кои имаме обврска да ја градиме нашата држава и бескомпромисно да се вложуваме во зацртаниот пат на развој и просперитет, во патот за влез на нашата држава во европското семејство, рече Трајковски.
Тој додаде дека како следбеници на ликот и делото на Делчев ги промовираме неговите заложби и работиме да го изградиме нашиот град достоен носител на неговото име.
-Делчев е револуционерот кој обединува, а не разединува. Делчев е лик од кој треба да учиме како да ја сакаме и да ја градиме нашата општина и нашата држава. Учејќи од него, продолжуваме по патот на прогресот, градејќи достоинствена македонска држава. Нека му е вечна слава!-порача градоначалникот Трајковски.
Делчево на 23 април 1950 година со Одлуката на Президиумот, го добива името на великанот, Гоце Делчев.

# Промоција на монографијата „Дејноста на МРО во Пијанец од создавањето до крајот на Илинденското

Актуелности



Во чест на годишнината на раѓањето на апостолот на македонската револуционерна ослободителна борба и патронот на Делчево, Гоце Делчев, во организација на ЈЛБ „Илинден“ и Општина Делчево се промовира трудот посветен на Гоце Делчев, а создаван по повод 150 години од неговото раѓање и 120 години од неговото убиство, од авторот Спиридон Митевски.
Под наслов „Дејноста на МРО во Пијанец од создавањето до крајот на Илинденското востание“, авторот Митевски на 136 страници носи на виделина важни податоци за улогата на МРО и улогата на Гоце Делчев во активностите во Пијанец и Малешевијата и, како што истакна промоторот на книгата, историчарот Ванчо Новоселски, во трудот се помесети и 17 фотографии на учесници и поддржувачи на МРО и две шифрирани писма.
–Ширењето на активностите на МРО во Пијанец, непосредно се поврзува со Гоце Делчев кој прв пат дошол во Пијанец во 1894 преку Илиово со цел формирање селски комитети на организацијата. Во трудот се потврдени селата кои активно биле вклучени во активностите на МРО, личностите кои соработувале со Гоце Делчев и МРО и ја отсликува дејноста на МРО во периодот од создавањето на Организацијата заклучно со крајот на Илинденското востание, период во кој целосно доаѓа до израз слободарскиот дух на населението во Пијанец, рече Новоселски.
Рецензетот Никола Сарев, м-р по историски науки, истакна дека имало многу малку податоци за деталната улога на Гоце Делчев на овој терен, но авторот многу вешто и исцрпно го проучил и обработил во детали тој период од 1893 до 1903.
-Ова дел има голем придонес во историографијата од каде се црпат податоци за периодот и да се потврди колку бил голем Гоце Делчев, но со дела и активности и со подготовка на овој терен и на целото население за револиционерната борба што го чека народот и целите на таа борба. Колегата Спиро вложил голем труд и направил големо дело за сегашните и идните генерации, истакна рецензентот Сарев.
За дејноста на МРО има напишано илјадници дела кај нас и во светот, но за дејноста на МРО во Пијанец се чувствува празнина иако областа била активно вклучена во ослободителната дејност, посочи авторот Митевски и истакна дека во сите населени места во Пијанец, каде Македонците биле мнозинско население се формирани комитети на Организацијата со доста голем број активни членови и помагачи.
Директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска, посочи дека книгата содржи многу добри податоци кои треба да се зачуваат од заборавот.
– Како библиотеката се радуваме на секоја нова книга која е на нашите полици, меѓутоа посебно ни е задоволство кога на полиците на библитеката имаме дело од наш роднокраен автор. Книгата зборува за МРО и борбата на нашето население за слобода, а од денеска ќе биде достапна за сите читатели, посочи Петровска.
Спиридон Митевски е автор и на стихозбирката „Пат и немир“ и на монографијата „Панчерево“.

Актуелности

# Одбележана годишнина од Февруарскиот поход на планината Голак



Во организација на Општина Делчево, на планината Голак се одбележа 79-годишнината од Февруарскиот поход. По тој повод беше организирана пригодна свеченост пред спомен-плочата која го чува споменот за походот на Народноослободителната војска на Македонија која во февруари 1944 година извршила оперативни дејства на територијата на Источна, Централна и Западна Македонија, а дел од маршрутата на Третата борбена единица била и планината Голак заедно со Беласица, Плачковица и Осогово.

Одбележувањето започна со планинарски марш на Голак во организација на ПСК „Голак“ на кој учествуваа триесетина планинари од Делчево и регионот кои успешно ја поминаа зимската планинарска патека долга 10 км во еден правец.

По повод годишнината од Февруарскиот поход, членови на КУД „Гоце Делчев“ преку рецитал потсетија на историските факти кои го одбележаа овој стратешки поход изведен во 1944г., по што пред спомен-обележјето се поклонија и свежо цвеќе положија: делегација од Општина Делчево, предводена од градоначалникот Горан Трајковски, делегација од Советот на Општина Делчево, претставници на политички партии, на здруженија на граѓани.

Организатор на настанот е Општина Делчево, а покровител е градоначалникот, Горан Трајковски.

– Делчево денеска се сеќава и достојно го одбележува успешното изведување на Февруарскиот поход кое имало големо политичко и воено значење за текот на НОВ во Македонија, воопшто. Ова нè обврзува да се потсетиме на еден бурен период и да оддадеме почит на жртвите дадени за живот во слободна и самостојна македонска држава. Наследството од НОВ го трасира нашиот пат за иднината, да се вложиме сите кон европско издигнување на нашата држава имплементирајќи ги европските вредности, рече градоначалникот Трајковски.

Во организација на ХЗГ „Бравура-кооператива“, а во рамките на иницијативата „Го сакам Голак“ беше организиран и музички хепенинг, каде настапија ди-џеи, фолклорни групи, но беа организирани и други содржини кои треба да го промовираат значењето на Голак за Делчево.

Како што истакна Александар Николовски од ХЗГ„Бравура кооператива“, целата на настанот е да се потенцира суштинското значање на туристичкиот локалитет на Голак за потребите на локалното население од аспект на рекреативен, како и социоекономски развој.

# Утврдени општинските стипендисти

Актуелности

Комисијата за доделување ученички и студентски стипендии ја утврди листата на ученици и студенти кои ќе добиваат стипендии за учебната 2022/2023 година, согласно конкурсите за доделување ученички и студентски за ученици кои учат во СОУ „М.М.Брицо“ и студенти од Делчево кои учат на државните факултети.

**Ученички стипендии**

Општина Делчево за учебната 2022/2023 година додели 19 стипендиии за ученици кои учат во СОУ„Методи Митевски Брицо“ во две категориии.

Во **првата категорија** ученички стипендии, општинска стипендија ќе добиваат следните ученици:

1.Елена Митевска
2.Михаела Новоселска
3.Ангела Петровска
4.Андреј Милчевски
5.Сандра Марковска
6.Кристијан Димитровски
7.Андреј Пановски
8. Сара Петровска

Учениците стипендијата ќе ја добиваат за период од девет (9) месеци, а висината на стипендијата е 1.000 денари.

Во втората категорија, добитници на ученички стипендии за одлични ученици од СОУ„М.М Брицо“ кои постигнале особено висок успех во учењето се :

1.Андреа Димиторвска
2. Ева Ивановска
3.Теодора Тодоровска
4.Ева Ристовска
5. Ива Ивановска
6.Стефанија Ќурчиска
7.Александра Попова
8. Љупка Тодоровска
9.Дамјан Маневски
10.Ерика Стоименовска
11 Фросина Јовановска

Учениците стипендијата ќе ја добиваат за период од девет (9) месеци во износ од 1.500 денари месечно.

Актуелности

**Студентски стипендии**

Во првата категорија на студентски стипендии беа поднесени две барања, а согласно со критериумите стипендии добија:

1. Каролина Кааџиска студент на Правниот факултет„Јустинијан Први„ Скопје – втора година
2. Мери Ризовска студент на Факултет за медицински науки „Гоце Делчев“ Штип– трета година

Во втората категорија стипендија добија:

1. Ана Стојанова студент на Факултетот за природни и технички науки „Гоце Делчев“ Штип
2. Елеонора Трајанова студент на Факултетот за медицински науки„Св.Кирил и Методиј“ Скопје.

Комисијата за доделување студентски стипендии ја дополни листата на општински стипендисти. По завршувањето на процедурите од објавениот Повторен конкурс за доделување студентски стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија, а живеат во Делчево, Комисијата за доделување студентски стипендии ја дополни листата на општински стипендисти со 2 студенти кои аплицирале по Конкурсот, а имаат постигнато особено висок успех во студирањето:

1. Гоце Аџиски студент од III година на Геодезија на универзитетот„Св.Кирил и Методиј“ Скопје
2. Марија Стоичовска студент од II година на Факултет за медицински науки Универзитет„Гоце Делчев“ Штип

Висината на стипендиите ќе изнесува 3.500 денари од месец за девет месеци за студиската 2022/2023 година.

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Јавна дебата „Жените од Делчево креатори на локални политики

Актуелности




Во Делчево се одржа јавна дебата на тема „Жените од Делчево-креатори на локални политики“ на која учество зедоа претставници од Општина Делчево, НВО КХАМ, претставници од тимот „Низ женски леќи“, локалните граѓански организации, како и заинтересирани граѓани.

Целта на дебатата е поголема транспарентност на процесот на родово одговорно буџетирање од страна на локалната самоуправа, но и можност граѓанските организации да ги претстават своите модели на политики и препораки. Ова го истакна менторката на проектот „Низ женски леќи“, Кјмет Амет, од Ромската асоцијација за жени и малди ЛУЛУДИ.

На дебата беше презентиран и мониторингот на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 г, која е прва родово одговорна Програма на Општина Делчево и една од трите планирани програми за мониторинг кој го реализира НВО КХАМ во рамките на проектот „Со гласот на жените до родово одговорни локални политики“.

Јавните дебати се одржуваат во рамки на проектот „Низ женски леќи: покревање политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост“ финансиран од Европската Унија, а имплементиран од Центарот за истражување и креирање политики, Лулуди, Рурална Коалиција, Новинари за човекови права и ЕХО-Штип.

Култура

# Јазикот не е само зборови-во Делчево одбележан Денот на мајчиниот јазик



Ученици од основните училишта од Делчево порачаа дека мајчиниот јазик не е само зборови-тој е нашиот идентитет, нашето минато, сегашност и иднина. Оваа порака преточена преку лични творби и рецитации беше пренесена на настан организиран од ЈЛБ „Илинден“ и основните училишта во градот по повод Денот на мајчиниот јазик.

-Мотото на годинешното одбележување е „Јазикот не е само зборови. Тој е култура, традиција, унифицираност на општеството, цела историја која го прикажува општеството какво што е. Во рамки на настанот седмооделенки при ООУ„Ванчо Прке“ ни читаа на тема мајчин јазик, додека второоделенците од ООУ„Св.Климент Охридски“ иако, мали, сепак, рецитираа и пееја песнички, рече Биљана Петровска, директорка на ЈЛБ „Илинден“.

Јазикот на еден народ, како што истакна пред присутните е негово духовно богатство и наследство.

Меѓународниот ден на мајчиниот јазик е прогласен на XXX Седница на Генералната конференција на УНЕСКО во 1999 г, именувајќи го 21 февруари- Ден на кој се одржани драматичните протести за бенгалскиот јазик. Во 2000 г, овој датум е промовиран како Ден на лингвистичка и културна разновидност и повеќејазичност.

Според статистичките податоци, во последните три века има изумирање или драматично намалување на јазиците, особено на американскиот и австралискиот континент. Во светот денес се зборуваат околу 6.500 јазици, а на околу половина им се заканува исчезнување во многу делови од светот.

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**